25. X 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 – ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

СЛУ ... К
НА СОЦИ... ...БЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Вторник, 17 октомври 1989
Скопје
Број 37 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 370.000 динари. Овој број чини 8.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**668.**

Врз основа на член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ" број 12/89), Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 19 септември 1989 година, го утврди пречистениот текст на Законот за цивилните инвалиди од војната.

Пречистениот текст на Законот за цивилните инвалиди од војната ги опфаќа Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ" број 33/76), Законот за изменување и дополнување на Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ" број 25/79), Законот за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ" број 11/81), Законот за изменување и дополнување на Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ" број 4/85) и Законот за изменување и дополнување на Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ" број 12/89), во кои е означен денот на нивното влегување во сила.

Бр. 13-3416
октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната комисија на
Собранието на СРМ,
**Иван Гиновски**, с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА
**(Пречистен текст)**

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се регулираат правата на цивилните инвалиди од војната, условите за стекнување и постапката за остварување на правата.

Член 2

Цивилен инвалид од војната, според овој закон, се смета:

1) лице кај кое настапило оштетување на организмот како последица на ранување или повреди настанати од тероризирање и лишување од слобода од страна на окупаторот или неговите помагачи (жртва на фашистичкиот терор);

2) лице кај кое настапило оштетување на организмот како последица на ранување или повреди настанати во врска со воените операции; бомбардирање, улични борби, заталкан куршум и друго (жртва на воените дејства);

3) лице кај кое настапило оштетување на организмот како последица на ранување или повреди здобиени од заостанат воен материјал (жртва на заостанат воен материјал); и

4) лице кај кое настапило оштетување на организмот како последица на ранување или повреди настанати во врска со терористички акции (жртва на терористички акции).

Член 3

Право на заштита според овој закон имаат државјани на СФРЈ, жртви на фашистичкиот терор, жртви на воените дејства, жртви на заостанат воен материјал и жртви на терористички акции со трајно оштетување на организмот од најмалку 60% (во натамошниот текст: цивилни инвалиди од војната).

Член 4

Немаат право на заштита според овој закон цивилни лица со оштетување на организмот што го здобиле како активни припадници и помагачи на непријателски воени и други формации, како и цивилните лица кај кои оштетувањето на организмот настапило како последица на нивните дејства насочени кон здобивање со материјална корист од заостанат воен материјал.

Право според овој закон не можат да остварат лицата кои такво право остваруваат по друг основ.

### II. ПРАВА И УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 5

Цивилните инвалиди од војната можат да ги остварат следниве права:

1) цивилна инвалиднина;
2) додаток за нега и помош од друго лице;
3) здравствена заштита;
4) професионална рехабилитација; и
5) ортопедски помагала.

Член 6

Правата според одредбите на овој закон се лични права.

Член 7

Општината може да го проширува обемот на правата, односно да пропишува и други права од утврдените со овој закон, со обезбедување на сопствени средства за нивно остварување.

Член 8

На цивилните инвалиди од војната им припаѓа цивилна инвалиднина според степенот на оштетувањето на нивниот организам, независно од нивната материјална положба.

Цивилните инвалиди од војната според степенот на оштетувањето на организмот се распоредуваат во следниве групи:

| | | |
|---|---|---|
| I група со | 100% | инвалидитет |
| II група со | 90% | „ |
| III група со | 80% | „ |
| IV група со | 70% | „ |
| V група со | 60% | „ |

Процена, односно наод и мислење за инвалидитетот и распоредувањето на цивилните инвалиди од војната во групи го врши надлежна лекарска комисија, на начин и постапка пропишана со прописите за воените инвалиди.

Надлежна комисија, во смисла на став 3 од овој член се смета комисија основана за преглед на воените инвалиди за подрачјето на кое цивилниот инвалид од војната има живеалиште.

Член 9

Основа за определување на висината на цивилната инвалиднина за цивилните инвалиди од војната е просечниот чист личен доход остварен во Социјалистичка Република Македонија во претходното тримесечје (во натамошниот текст: просечен чист личен доход).

Висината на цивилната инвалиднина се определува за:

I. група 50% од висината на просечниот чист личен доход;

II. група 40% од висината на просечниот чист личен доход;

III. група 32% од висината на просечниот чист личен доход;

IV. група 25% од висината на просечниот чист личен доход;

V. група 20% од висината на просечниот чист личен доход.

Месечниот износ на висината на цивилната инвалиднина од став 2 на овој член го утврдува претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика, врз основа на службени податоци на Републичкиот завод за статистика.

Член 10

Право на додаток за нега и помош на друго лице има цивилен инвалид од војната, под услови утврдени со прописите за воените инвалиди.

Висината на додатокот за нега и помош од друго лице се утврдува според прописите за инвалидите на трудот.

Член 11

Цивилен инвалид од војната има право на здравствена заштита во обем кој за работниците го утврдува општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита од подрачјето на кое корисниците имаат живеалиште.

Цивилен инвалид од војната, кој е здравствено осигурен по друг основ или на кој му се обезбедуваат задолжителните видови здравствена заштита, користи здравствена заштита по тој основ, а според одредбите на овој закон ги користи само оние видови здравствена заштита кои не се опфатени по другиот основ, односно не се утврдени како задолжителни.

Член 12

Општинската заедница за здравствена заштита од средствата за здравствена заштита на земјоделците, ги пренесува средствата за здравствена заштита на цивилните инвалиди — земјоделци, во средствата за здравствена заштита на работниците, во просечен износ остварен во претходната година на подрачјето на општината.

Општината ги надоместува трошоците за спроведување на задолжителните видови здравствена заштита на корисниците кои не се здравствено осигурени на заедницата за здравствена заштита на чие подрачје цивилниот инвалид од војната има живеалиште.

Средствата за здравствена заштита, над износот на средствата од ставовите 1 и 2 на овој член, се обезбедуваат на начин определен со член 19 на овој закон.

Член 13

Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита склучува договор со надлежната заедница за здравствена заштита за висината на трошоците и начинот на остварување на здравствената заштита за корисниците од член 11 став 1 на овој закон, според просечните трошоци по осигуреник остварени на тоа подрачје во претходната година, сразмерно со обемот на правата на здравствена заштита што се користат според овој закон.

Член 14

Правото на здравствена заштита утврдено со овој закон се обезбедува преку заедницата за здравствена заштита на чие подрачје цивилниот инвалид од војната има живеалиште на начин и во постапка предвидени со прописите за здравствена заштита.

Претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика ќе ја пропише постапката и видот на документот за остварување на здравствената заштита на цивилните инвалиди од војната.

Член 15

Право на професионална рехабилитација му припаѓа на цивилен инвалид од војната, под услови и на начин утврдени со прописите за инвалидското осигурување на работниците.

Член 16

Право на ортопедски помагала цивилниот инвалид од војната остварува под услови и на начин утврдени со прописите на заедницата за здравствена заштита на чие подрачје цивилниот инвалид од војната има живеалиште.

Член 17

Правото остварено според овој закон се губи со.

— смртта на цивилниот инвалид од војната;

— престанување на државјанството на СФРЈ; и

— осудување на казна затвор за кривично дело против народот и државата.

Член 18

На цивилниот инвалид од војната, кој со правосилна судска пресуда е осуден на казна затвор подолга од шест месеци, за време на извршувањето на казната не му припаѓаат правата признати според одредбите на овој закон.

Член 19

Финансирањето на обврските што произлегуваат од овој закон се врши со средства од Републичкиот буџет преку Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

III. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 20

За правата по овој закон по барање на цивилниот инвалид од војната во прв степен решава центарот за социјална работа, а во општините каде што нема центар, општинскиот орган на управата, надлежен за социјална заштита, на чие подрачје подносителот на барањето има живеалиште.

По жалба против решението на првостепениот орган решава Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика.

Член 21

Првостепениот орган е должен по службена должност да прибави докази за утврдување на фактите, односно околностите под кои настанало оштетувањето на организмот на барателот.

Член 22

Правото по овој закон тече од првиот ден на наредниот месец по поднесеното барање и трае се додека постојат услови за користење на тоа право.

Член 23

Барање за признавање на правата утврдени со овој закон може да се поднесе до 31 декември 1989 година.

Лицата кај кои ќе настапат повреди од заостанат воен материјал или од терористички акции, по влегувањето во сила на овој закон, барање за признавање на правата можат да поднесуваат во рок од една година по настапувањето на повредите.

Член 24

Решението донесено во прв степен, со кое се утврдува правото според овој закон, подлежи на ревизија.

Ревизијата од став 1 на овој член по службена должност ја врши Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика.

Ако против првостепеното решение е изјавена жалба, за ревизијата и за жалбата се решава со исто решение.

Ревизијата и жалбата не го одлагаат извршувањето на првостепеното решение.

Член 25

Во вршењето на ревизијата второстепениот орган може првостепеното решение да го потврди, измени, поништи или укине на штета или во корист на странката.

Првостепениот орган чие решение во ревизијата е поништено или укинато и вратено на повторно решавање, донесува ново решение.

Новото првостепено решение подлежи на ревизија во која се испитува само постоењето на законските причини кои донеле до поништување, односно до укинување на првостепеното решение.

Член 26

Ако против првостепеното решение не е изјавена жалба, а ревизијата нема да биде извршена во рок од два месеци од денот на приемот на предметот од второстепениот орган, ќе се смета дека ревизијата е извршена, а решението потврдено.

Член 27

Трошоците во врска со работата на лекарските комисии од член 8 став 3 на овој закон се обезбедуваат на начин определен со член 19 на овој закон.

Член 28

Решенијата, со кои се утврдуваат права на парични побарувања според овој закон, се извршуваат по службена должност.

Решенијата од став 1 на овој член ги извршува надлежниот првостепен орган со средства обезбедени на начин определен со член 19 на овој закон.

Член 29

Првостепениот орган од член 20 став 1 на овој закон води евиденција на цивилните инвалиди од војната од член 2 на овој закон.

Претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика ќе го пропише начинот на водењето на евиденцијата од став 1 на овој член.

Член 30

Во постапката за остварување на правата по овој закон се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка ако со овој закон не е поинаку одредено.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Првостепениот орган во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе изврши преведување на корисниците кои оствариле право на цивилна инвалиднина врз основа на Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ“ број 33/76, 25/79, 11/81, 4/85 и 12/89).

До донесувањето на решение за преведување, лицата од став 1 на овој член ќе примаат аконтација во висина одредена со прописите што биле во сила до донесувањето на овој закон.

Член 32

Спроведбените прописи од член 14 став 2 и член 29 став 2 на овој закон, претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика ќе ги пропише во рок од три месеци по влегувањето во сила на законот.

Член 33

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите на член 17 точка 2 алинеи 2 и 3, член 19 ставови 2 и 3 и член 31 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 16/70, 20/71, 35/71 и 34/72), како и одредбата на член 28 алинеја 3 од Законот за самоуправните интересни заедници за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 5/74).

Средствата што Републиката и ги обезбедила на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита за 1976 година за покривање на трошоците на инвалиднината на лицата кои неа ја остварувале според прописите што престануваат да важат, ќе се користат за обезбедување на правата утврдени со овој закон.

---

**669.**

Врз основа на членовите 1, 2, 4, 9, 12 и 16 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ бр. 40/87), Одборот за доделување на наградата „11 Октомври“, на седницата одржана на 21 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „11 ОКТОМВРИ“ ВО 1989 ГОДИНА, ЗА ДОЛГОГОДИШНИ ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ ОСТВАРУВАЊА ВО НАУКАТА, КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА И СТОПАНСТВОТО ОД ИНТЕРЕС ЗА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За долгогодишни особено значајни остварувања постигнати во науката наградата се доделува на:

1. д-р Христо Д. Дума, научник и редовен професор (во пензија) на Медицинскиот факултет — Скопје;

2. д-р Драган Т. Тодоровски, научник и редовен професор (во пензија) на Филолошкиот факултет — Скопје;

3. д-р Тодор Д. Јакимов, научник и редовен професор (во пензија) на Електротехничкиот факултет — Скопје;

4. акад. д-р Манол Д. Пандевски, научник — Скопје;

5. акад. Крум А. Томовски, научник и редовен професор (во пензија) на Архитектонскиот факултет — Скопје.

II. За долгогодишни особено значајни остварувања постигнати во културата, наградата се доделува на:

1. Уметничка галерија „Скопје“ — Скопје.

III. За долгогодишни особено значајни остварувања постигнати во уметноста, наградата се доделува на:

1. Томе Т. Арсовски, писател — Скопје;

2. Трајче К. Јанчевски, академски сликар — Скопје.

IV. За долгогодишни особено значајни остварувања постигнати во стопанството, наградата се доделува на:

1. Марко Т. Боцевски, директор на Земјоделската задруга „Слобода“ — станица Зелениково — Скопје;

2. Мустафа К. Амитов, стопанственик (во пензија) — Скопје.

V. На наградените им се доделува:

— на поединец: диплома, плакета и паричен износ од осум просечни лични доходи исплатени во стопанството на СР Македонија во тримесечјето јули — август — септември 1989 година;

— на организација: диплома и плакета.

VI. Согласно со член 15 од Законот за републичките награди оваа одлука да се објави во „Службен весник на СР Македонија“, а преку печатот и другите средства за јавно информирање најдоцна до 8 октомври 1989 година.

Бр. 19-3136/1
22 септември 1989 година
Скопје

Претседател на Одборот,
**Крсте Марковски**, с. р.

---

**670.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“, бр. 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“, бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица во износ од 3.187.700.000 динари на собранијата на следните општини:

| | |
|---|---|
| — Крушево | 438.000.000 динари |
| — Брод Македонски | 313.500.000 „ |

| | | |
|---|---|---|
| — Кратово | 277.900.000 | „ |
| — Берово | 35.700.000 | „ |
| — Дебар | 442.600.000 | „ |
| — Крива Паланка | 400 000.000 | „ |
| — Демир Хисар | 800.000.000 | „ |
| — Свети Николе | 480.000.000 | „ |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се вратат најдоцна до 31 декември 1989 година.

3. За користењето и враќањето на средствата ќе се склучи договор помеѓу Собранието на општината и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2147/1
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**671.**

Врз основа на член 10 од Законот за обезбедување средства на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 7/86, 45/86, 50/87, 28/89 и 36/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ ПО КОИ ОБВРЗНИЦИТЕ ЈА ПЛАЌААТ ОБВРСКАТА СПРЕМА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА ВО 1989 ГОДИНА

1. Обврзниците ја плаќаат обврската по стапка од 4,5%, освен обврзниците што обврската ја плаќаат по следните стапки и тоа:

— по стапка од 5,2% — обврзниците од дејностите: во областа 01 — Индустрија и рударство, гранката 0120 — Производство на камен, чакал и песок; во областа 07 — Трговија, гранките: 0702 — Трговија на големо и 0703 — Надворешна трговија;

— по стапка од 4% — обврзниците од дејностите; во областа 01 — Индустрија и рударство, гранката 0111 — Производство на неметални минерали (без градежен материјал);

— по стапка од 3,2% — обврзниците од дејностите: во областа 01 — Индустрија и рударство, гранката 0105 — Производство на нафтени деривати;

— по стапка од 2,6% — обврзниците од дејностите: во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0110 — Преработка на обоени метали; 0119 — Преработка на хемиски производи, 0121 — Производство на градежни материјали, 0132 — Производство на сточна храна и 0133 — Производство и преработка на тутун; во областа 03 — Шумарство; во областа 05 — Градежништво; во областа 07 — Трговија, подгрупата 07011 — Трговија на мало со прехранбени производи; во областа 08 — Угостителство и туризам, гранката 0801 — угостителство, во областа 11 — Финансиски, технички и други услуги, подгрупата 110401 — Просторно и урбанистичко планирање и проектирање;

— по стапка од 2,5% обврзниците од дејностите во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини и 0126 — Производство на готови текстилни производи;

— по стапка од 2,3% — обврзниците од дејностите во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0108 — Производство на руди од обоени метали и 0109 — Производство на обоени метали; и

— по стапка од 1,3% — обврзниците од дејностите во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0106 — Производство на железна руда, 0107 — Црна металургија, 0118 — Производство на базни хемиски производи, од гранката 0126 — Производство на готови текстилни производи, подгрупата 012691 — Производство на покривачи за под, освен рачно килимарство и од гранката 0130 — Производство на прехранбени производи, подгрупата 013021 — Производство на леб и печива; во областа 02 — Земјоделство и рибарство, групите 02011 — Полјоделство и 02014 — Сточарство.

Обврзниците од дејноста во областа: 01 — Индустрија и рударство, од гранката 0101 — Електростопанство, подгрупата 010105 — Дистрибуција на електрична енергија, обврската ја пресметуваат по стапка од 4,5% и со самоуправна спогодба средствата ги здружуваат и насочуваат за поддржување на развојните програми во таа дејност.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките по кои обврзниците ја плаќаат обврската спрема Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година, во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 7/89).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2021/1
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**672.**

Врз основа на член 18 од Законот за основање и работа на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот („Службен весник на СРМ" бр. 9/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ТРОШОЦИТЕ НА ВЕШТАЧЕЊАТА ШТО ГИ ВРШИ РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ, МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ И СООБРАЌАЈОТ

Член 1

Во Одлуката за трошоците на вештачењата што ги врши Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот („Службен весник на СРМ" бр. 31/87 и 25/88) се вршат следниве измени:

1. Во член 3 точка 1 износот 5.000 се заменува со износот 50.000, а износот 6.000 се заменува со износот 60.000;

2. Во точка 2 износот 10.000 се заменува со износот 300.000, а износот 14.000 се заменува со износот 420.000;

3. Во точка 4 износот 4.000 се заменува со износот 40.000.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1886/1
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**673.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 6/89, 19/89, 27/89, 31/89, 32/89 и 33/89), во член 2, точка 16 износот „25.000" се заменува со износот „30.000".

Член 2

Во член 3, по алинеја 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„— за намената од точка 12 — со рок на враќање од една година и со каматна стапка од 45% годишно;"

Во досегашната алинеја 6, зборовите: „за намените од точките 12 и 16" се заменуваат со зборовите „за намената од точка 16".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 23-2128/1
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**674.**

Врз основа на член 5 од Законот за условите и начинот на користење на средствата на солидарноста за отстранување на последиците од елементарни непогоди во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 18/76 и 30/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Член 1

Од средствата на солидарноста на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од елементарни непогоди се доделуваат средства во вкупен износ од 6.910,7 милиони динари и тоа:

(во милиони динари)

| | Кредитни средства | Неповратни средства | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1. Свети Николе | 204,1 | 6.029,1 | 6.233,2 |
| 2. „Гази Баба" | 677,5 | — | 677,5 |
| Вкупно: | 881,6 | 6.029,1 | 6.910,7 |

Член 2

Кредитните средства од член 1 на оваа одлука се одобруваат со рок на враќање од 5 години, без пресметување на камата.

Член 3

За кредитните средства од член 1 на оваа одлука собранијата на општините ќе склучат договор со Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Договорот од став 1 на овој член, во името на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, ќе го потпише Републичкиот секретар за финансии.

Член 4

Средствата од член 1 на оваа одлука собранијата на општините ќе ги распоредат според критериумите што ќе ги утврдат, а под условите од член 1 и 2 на оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2037/1
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**675.**

Врз основа на член 19 став 2 од Деловникот за работа на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/86 и 30/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ КООРДИНАЦИОНО ТЕЛО ЗА ОРГАНИЗИРАНО, УСОГЛАСЕНО И КООРДИНИРАНО ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ПОПУЛАЦИОНАТА ПОЛИТИКА

Член 1

Заради организирано, усогласено и координирано остварување на мерките и активностите во областа на популационата политика, се образува Координационо тело од 11 членови, од кои претседателот и 3 члена именува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, а по еден член делегираат:

— Собранието на СР Македонија;
— Републичката конференција на ССРНМ;
— Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура;
— Републичкиот комитет за наука, технолошки развој и информатика;
— Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика;
— Републичкиот центар за хумана репродукција;
— Републичката конференција на ССММ.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1795/1
14 јули 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

**676.**

Врз основа на член 1 од Одлуката за образување Координационо тело за организирано, усогласено и координирано остварување на мерките и активностите во областа на популационата политика, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАЦИОНОТО ТЕЛО ЗА ОРГАНИЗИРАНО, УСОГЛАСЕНО И КООРДИНИРАНО ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ПОПУЛАЦИОНАТА ПОЛИТИКА

1. За претседател и членови на Координационото тело за организирано, усогласено и координирано остварување на мерките и активностите во областа на популационата политика се именуваат:

а) За претседател:

— д-р Тито Беличанец, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ;

б) За членови:

— Мирко Миронски, секретар на Секретаријатот за информации;

— Елена Поповска, секретар на Секретаријатот за законодавство;

— м-р Методија Тошевски, член на Извршниот совет и републички секретар за финансии;

в) Од соодветните органи и организации утврдени во член 1 од Одлуката за образување на спомнатото Координационо тело се делегирани:

— Елица Донева, потпретседател на Собранието на СРМ;

— Каменчо Ѓоргов, член на Претседателството на РК на ССРНМ;

— Санда Тодоровска, член на Претседателството на РК на ССММ;

— д-р Саво Климовски, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура;

— д-р Радмила Кипријанова, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за наука, технолошки развој и информатика;

— д-р Јанко Обочки, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика;

— проф. д-р Јован Јуруковски, директор на РЕ Клиника за гинекологија и акушерство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1795/2
14 јули 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

**677.**

Врз основа на член 170 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува од должноста директор на Архивот на Македонија Благој Михов, поради исполнување на условите за пензија, заклучно со 23. X. 1989 година, кога му престанува работниот однос.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ.

Бр. 17-1853/1
8 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**678.**

Врз основа на член 170 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА

1. За директор на Архивот на Македонија, сметано од 1. XI. 1989 година, се именува Борислав Наумовски, досегашен републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1854/1
8 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**679.**

Врз основа на член 90 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ број 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НАЧАЛНИК НА БИРОТО ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За началник на Бирото за претставки и предлози во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, сметано од 1. XI. 1989 година, се именува Добросав Кучера, досегашен главен републички инспектор за труд.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1855/1
8 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**680.**

Врз основа на член 172 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО-ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

1. За заменик на директорот на Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка, сметано од 1. X. 1989 година, се именува Миљана Даневска, досегашен извршен секретар на Претседателството на ЦК СКМ.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1856/1
8 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**681.**

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

1. Се разрешува од должноста републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија Борислав Наумовски, заклучно со 31. X. 1989 година, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2067/1
22 септември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Илија Филиповски,** с. р.

**682.**

Врз основа на член 171 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ЗА ТРУД

1. Се разрешува од должноста главен републички инспектор за труд Добросав Кучера, заклучно со 31. X. 1989 година, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-2068/1
22 септември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Илија Филиповски,** с. р.

---

**683.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 6 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 10 став 1 под в) и член 12 став 1 точка 1 од Правилникот за стручно образование и усовршување на работниците во Медицинскиот центар „Тетово" во Тетово, донесен од Работничкиот совет на 20 април 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означениот Медицински центар на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општина Тетово со предлог поднесен до Уставниот суд на Југославија, а кој е препратен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што предвидува кандидатите да имаат најмалку 2 години искуство стекнато во Медицинскиот центар како услов за добивање специјализација, а при определување на приоритет да се вреднува само работното искуство во Медицинскиот центар, што било во спротивност со член 181 од Законот за здравствена заштита.

4. На седницата Судот утврди дека во член 10 став 1 под в) од Правилникот како еден од условите за добивање специјализација е предвиден условот кандидатот да поминал на работа во Медицинскиот центар најмалку 2 години по положувањето на стручниот испит.

Во член 181 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85, 50/87, 27/88) се предвидени условите под кои на здравствените работници и здравствените соработници им се одобрува специјализација, па покрај другите е и условот да имаат најмалку една година искуство во спроведувањето на здравствената заштита, производство и промет на лекови или во орган на управата надлежен за работите од здравството, по положувањето на стручниот испит. Понатаму, во член 181 став 2 од овој закон е предвидено дека здравствените организации и другите самоуправни организации и заедници со самоуправен општ акт ги утврдуваат критериумите и постапката за избор на кандидати за специјализација.

Од изнесените одредби, според мислењето на Судот, произлегува дека условите под кои на кандидатите им се одобрува специјализација се утврдени со закон и не можат да се менуваат со самоуправниот општ акт со кој се утврдуваат само критериумите и постапката за избор на кандидати за специјализација.

Со оглед на тоа што во член 10 став 1 под в) од Правилникот како услов за одобрување на специјализација е предвидено искуството од најмалку 2 години и тоа само во означениот Медицински центар, а не и во другите организации и органи утврдени со законот, Судот утврди дека овој член од Правилникот е во спротивност со означената одредба од Законот.

5. На седницата Судот утврди дека во член 12 став 1 точка 1 од Правилникот како критериум за утврдување приоритет за одобрување на специјализација е предвидено и вреднувано само работно искуство стекнато со работа во означениот Медицински центар.

Во Одделот II став 3 алинеја 9 од Уставот на СР Македонија е утврдено дека неприкосновената основа на положбата на човекот и граѓанинот ја сочинуваат, покрај другото, и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите во согласност со уставноста и законитоста.

Со оглед на тоа што во член 12 став 1 точка 1 од Правилникот се вреднува само работното искуство стекнато во означениот Медицински центар, со што се доведуваат во нееднаква положба работниците кои својот стаж го стекнале во други организации, Судот утврди дека тој не е во согласност со означеното уставно начело.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 122/89
6 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

---

**684.**

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ", бр. 33/76, 25/79, 11/81, 4/85 и 12/89), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА ВИСИНАТА НА ЦИВИЛНАТА ИНВАЛИДНИНА НА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

1. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците октомври, ноември и декември 1989 година се определуваат од основата која се утврдува во висина на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во претходното тримесечје од 3.797.415 динари и изнесуваат:

| | |
|---|---|
| I група | 1.898.707 динари |
| II група | 1.518.966 динари |
| III група | 1.215.173 динари |
| IV група | 949.354 динари |
| V група | 759.483 динари |

Износите на цивилните инвалиднини од точка 1 на оваа наредба ќе бидат усогласени по утврдувањето на остварениот просечен месечен чист личен доход во Републиката во периодот јули-септември 1989 година објавен од страна на Републичкиот завод за статистика.

2. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците јули, август и септември 1989 година конечно се определуваат од основата која се утврдува

во висина на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во периодот април- јуни 1989 година, од 1.733.102 динари и изнесуваат:

| | |
|---|---|
| I група | 866.551 динари |
| II група | 663.240 динари |
| III група | 554.592 динари |
| IV група | 433.275 динари |
| V група | 346.620 динари |

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 11-5969
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

**685.**

Врз основа на член 60, а во врска со член 59 од Законот за заштита при работа („Службен весник на СРМ" бр. 17/87), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ИСПИТУВАЊА И ПРЕГЛЕДИ ПО ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

1. РО фабрика за заварени цевки и профили „11 Октомври" — Куманово ги исполнува пропишаните услови за вршење испитувања и прегледи по член 59 од Законот за заштита при работа за свои потреби и тоа за:

— дигалки.

2. Ова решение да се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 03-5927
4 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**292.**

Врз основа на член 139 од Уставот на СРМ, член 553 од Законот на здружен труд и член 2, 32 и 52 од Законот за радио-дифузијата („Службен весник на СРМ" бр. 20/74) Собранието на СРМ, Републичката конференција на ССРНМ, РСИЗ за култура, РСИЗ за насочено образование, РСИЗ за здравствена заштита, РСИЗ за физичка култура, РСИЗ за научно-истражувачка дејност, Задружниот сојуз на Македонија, Туристичкиот сојуз на СРМ и Радио-телевизија Скопје склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРОГРАМИ НА РТС ОД ПОШИРОК ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС

Член 1

Заради поуспешно спроведување на општествената функција на Радио-телевизија Скопје, како и заради остварување на определбите и целите за реализација на нејзините програмски задачи, учесниците во овој општествен договор се обврзуваат дека во рамките на своите права и должности ќе преземаат мерки и активности за остварување на програмите од поширок општествен интерес и за обезбедување средства за учество во финансирањето на одделни радио и телевизиски програми.

Член 2

Учесниците во Договорот се согласија дека за остварување на програмите од поширок општествен интерес средствата ќе се обезбедуваат и тоа:

— за програми наменети за информирање на странската јавност, информирање на југословенските граѓани и работници кои престојуваат и работат во странство и информирање на иселениците од СР Македонија во странство, од Републичкиот буџет;

— за програми од областа на општонародната одбрана и општествената самозаштита од средствата утврдени со програмите за финансирање на ОНО и ОСЗ;

— за програмите од областа на безбедноста и сообраќајната култура на граѓаните, од средствата на Советот за безбедност и сообраќај.

Обемот и содржината на програмите од став 1 на овој член ќе се утврдува на крајот на годината за наредната година.

Обемот и содржините на програмите од алинеја 1 од став 1 на овој член го утврдува РТС, а согласност дава Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Обемот и содржините на програмите од алинеја 2 и 3 од став 1 на овој член, како и своето учество во финансирањето на истите, се утврдува со самоуправна спогодба врз основа на конкретно понудени програми на Радио-телевизија Скопје.

Член 3

Учесниците во Договорот се согласија општествено-политичките организации и институции и организаторите на определени манифестации и програми заради својот нагласен интерес за презентирање на активностите и нивно остварување, договорно со Радио-телевизија Скопје да обезбедуваат средства за зголемени трошоци во подготвувањето и реализацијата на програмите.

Член 4

Учесниците во Договорот се согласија републичките самоуправни интересни заедници, Задружниот сојуз на Македонија и Туристичкиот сојуз на Македонија да учествуваат во обезбедувањето на средства за подготвување и емитување на програми што се од нивен посебен интерес или од поширок општествен интерес по пат на склучување на самоуправни спогодби, а врз основа на конкретни програми.

Член 5

Радио-телевизија Скопје, како учесник на овој договор, се обврзува дека ќе вложува постојани напори во реализацијата на сопствените тековни развојни планови, а особено за:

— подобрување на квалитетот на радио-телевизиските програми;

— порационална организациона поставеност;

— подобрување на кадровската состојба;

— проширување на соработката со Југословенската радио-телевизија, со локалните радио станици во СР Македонија и со други земји.

Член 6

За остварувањето на овој општествен договор ќе се грижи комисија што ќе биде составена од по еден претставник на учесниците во Договорот.

Комисијата од претходниот став особено ги врши следниве работи:

— го следи спроведувањето на овој договор;

— предлага мерки за спроведување на Договорот;

— предлага измени и дополнувања на овој договор;

— ги разгледува и дава мислење по програмите од член 2, 3 и 4 од овој договор заради увид во работењето.

Член 7

Измените и дополнувањата на овој договор се вршат на начин и постапка како и за негово донесување.

Член 8

Овој општествен договор се смета дека е склучен откако ќе го потпишат овластените претставници на учесниците.

Член 9

Овој Општествен договор ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија".

7 јули 1989 година
Скопје

Потписници:

За Собранието на СР Македонија,
**Петар Карајанов,** с. р.

За РСИЗ за култура,
**Крум Томовски,** с. р.

За РСИЗ за физичка култура,
**Ѓорѓи Атанасовски,** с. р.

За РСИЗ за научно-истражувачка дејност,
проф. д-р **Душан Петковски,** с. р.

За Туристичкиот сојуз на СРМ,
**Гроздан Попов,** с. р.

За Републичката конференција на ССРНМ,
**Цветко Цветковски,** с. р.

За РСИЗ за насочено образование,
д-р **Благоја Ханџиски,** с. р.

За РСИЗ за здравствена заштита,
**Ефтим Насков,** с. р.

За Задружниот сојуз на Македонија,
**Башким Пашоја,** с. р.

За Радио-телевизија Скопје,
д-р **Љубомир Јакимовски,** с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПАТИШТА

**293.**

Врз основа на член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ" бр. 15/80, 26/80, 28/82, 13/86 и 28/88) и член 18 од Статутот на Републичката СИЗ за патишта, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, на седницата одржана на 8 септември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

I) За моторни и приклучни возила се плаќа надоместок за употреба на јавните патишта (во натамошниот текст: патарина) за периодот од 12 месеци и тоа:

1. Товарни возила:

а) За товарни возила (камиони и камионети), за специјални товарни возила наменети за превоз на определени товари, според носивоста и тоа:

— со носивост до 3 тони, 133.000 динари за секој тон носивост;

— со носивост над 3 тони до 8 тони, 399.000 динари + 179.000 динари за секој тон носивост над 3 тони;

— со носивост над 8 до 10 тони, 1.294.000 динари + 192.000 динари за секој тон носивост над 8 тони;

— со носивост над 10 тони, 1.678.000 динари + 224.000 динари за секој тон носивост над 10 тони.

Ако носивоста на товарното возило не е изразена во цели тони, патарината се плаќа за носивост до половина тон во висина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина — до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина до полн тон — во износ определен за цел тон.

б) За товарни трицикли со носивост до 400 кг — како за мотоциклите наведени во оваа точка под 9 според работната зафатнина на моторот, а за товарните трицикли со носивост над 400 кг + 15.000 динари.

2. За автобуси, комбибуси и комбинирани возила (комби) за превоз на патници, 15.000 динари за секое патничко седиште, а 50% од овој износ за секое регистрирано место за стоење во овие возила.

3. За работни возила без оглед на носивоста и тежината, 38.000 динари за секое возило.

Работни возила, во смисла на оваа точка се: противпожарни возила, кинематографски возила, возила за телевизиско снимање, амбулантни возила за радиофлуорографско снимање, возила за дезинфекција, возила за чистење на јавни површини, авто дигалки, возила механичарски работилници, возила автомобилски скалила, возила чистачи на снег, возила за превоз на оштетени возила и други возила во оваа смисла.

4. За приклучни возила:

а) За товарни приколки и за специјални товарни приколки наменети за превоз на определени товари според носивоста и тоа:

— носивост до 3 тони 71.000 динари за секој тон носивост;

— со носивост над 3 до 8 тони 213.000 динари + 98.000 динари за секој тон носивост над 3 тони;

— со носивост над 8 тони до 10 тони, 703.000 динари + 114.000 динари за секој тон носивост над 8 тони;

— со носивост над 10 тони, 931.000 динари + 145.000 динари за секој тон носивост над 10 тони.

Ако носивоста на товарната приколка не е изразена во цели тони патарината се плаќа за носивост до половина тон — во висина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина тон — во износ определен за цел тон.

б) За патнички автобуски приколки, 17.000 динари за секое патничко седиште, а 50% од овој износ за секое регистрирано место за стоење.

в) За работни приколки, 17.000 динари за секоја приколка без оглед на тежината.

5. За влечни возила:

| а) За трактори | | Динари |
|---|---|---|
| — до 18 KW | (25 KS) | 27.000 |
| — над 18—29 KW | (25—40 KS) | 40.000 |
| — над 29—46 KW | (40—65 KS | 55.000 |
| — на 46 KW | (над 65 KS) | 68.000 |

б) За теглачи со полуприколка до 10 тони носивост, како за товарни возила наведени во оваа точка под 1 според носивоста на приколката, а за секој тон носивост на полуприколката над 10 тони по 147.000 динари.

Ако се регистрира само теглач не се плаќа надоместок за употреба на јавните патишта.

6. За специјални возила за превоз на определени лица, 37.000 динари за секое возило

7. За патнички возила според зафатнината на моторот и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| — до 900 см³ | | 54.000 |
| — над 900 | до 1350 см³ | 80.000 |
| — над 1350 | до 1800 см³ | 116.000 |
| — над 1800 | до 2500 см³ | 170.000 |
| — над 2500 | до 3150 см³ | 254.000 |
| — над 3150 см³ | | 368.000 |

8. Патничките возила од точка 7 кои се преуредени за погон на плин, освен патарината од оваа точка, плаќаат годишни и додатни надоместоци во висина од 100.000 динари, а такси возилата + 286.000 динари.

9. За мотоцикли според работната зафатнина на моторот и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| — до 125 см | | 17.000 |
| — над 125 | до 250 см³ | 24.000 |
| — над 250 | до 500 см³ | 31.000 |
| — над 500 | до 1000 см³ | 37.000 |
| — над 1000 см³ | | 44.000 |

10. За комбинирани возила:

— за секој тон носивост, по 133.000 динари + 15.000 динари за секое патничко седиште.

II) Имателите на моторни возила плаќаат надоместок пред поднесување барањето за регистрација односно продолжување на регистрацијата на возилата и тоа во еднократен износ однапред за 12 месеци, опфаќајќи го и месецот во кој се врши регистрацијата односно продолжување на регистрацијата.

III) По исклучок, транспортните организации на здружениот труд можат надоместокот да го плаќаат во рати, секои три месеци однапред, во износ од една четвртина на тој надоместок. Имателот на моторното возило што привремено го регистрира своето возило за време покусо од 12 месеци плаќа сразмерен дел на надоместокот за тој временски период.

IV) Ако имателот на моторното возило или приклучно возило возилото го одјави пред истекот на времето за кое платил патарина, може во рок од 3 месеци по одјавувањето да бара враќање на платена патарина за сите преостанати цели месеци кај општинскиот орган на управата надлежен за финансии.

V) За отуѓено моторно возило или приклучно возило, за кое е платена патарина по точка 1 на оваа одлука, новиот имател за тоа време не треба да плаќа патарина.

VI) Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за користење на јавните патишта што се плаќаат на моторните и приклучните возила („Службен весник на СРМ“ бр. 24/89).

VII) Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08/5-2007
10 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Танески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕМИР ХИСАР

**294.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, на седницата одржана на 25 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСИГУРЕНИЦИ — РАБОТНИЦИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во член 1 став 1 од Одлуката донесена на 29 декември 1988 година („Службен весник на СРМ“ бр. 7/89) бројката 8 се заменува со бројката 8,80.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 септември 1989 година.

Бр. 02-428/1
25 септември 1989 година
Демир Хисар

Претседател,
**Живко Дранговски,** с. р.

ОСНОВНА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТЕТОВО

**295.**

Врз основа на член 225-д од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на СИЗ на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија — Скопје („Службен весник на СРМ“ број 22/89), член 26 од Статутот на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Тетово („Службен гласник на општина — Тетово број 6/79) и Одлуката на Собранието на Основната заедница за пензиско инвалидско осигурување — Тетово број 0805-17 од 28 февруари 1979 год., Собранието на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Тетово, на седницата одржана на 15 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТЕТОВО

Член 1

Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Тетово, престанува со работа сметано од 30 септември 1989 година.

Член 2

Правата, обврските и одговорностите на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Тетово и управувањето со средствата од областа на инвалидската заштита и општествениот стандард на корисниците на пензија, се пренесуваат на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија — Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0805-45
15 септември 1989 година
Тетово

Претседател,
**Сулејман Таири,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ШТИП

**296.**

Врз основа на член 109 од Законот за социјална заштита пречистен текст („Службен весник на СРМ" бр. 9/86), и член 16 точка 5 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Штип, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Штип, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ШТИП ЗА 1989 ГОДИНА

1. Во оваа одлука се вршат следните измени и дополнувања на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Штип за 1989 година, број 09-7/1 од 15. 05. 1989 година и број 09-10/1 од 27. 06. 1989 година:

Во точката 3, ставот 1, се менува и гласи:

„Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа:

— вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци; и

— вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година

Бр. 09-17/1
9 октомври 1989 година
Штип

Претседател,
**Ѓорѓи Боризовски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Пред Општинскиот суд во Битола се води постапка по предлог на предлагачот Костадиновски Томислав од Скопје, ул. „Коце Металец" бр. 9/1-7, заради докажување на смртта на противникот Костадиновски Петар од с. Лавци — Битола.

Се повикува лицето Костадиновски Брбин Петар од с. Лавци — Битола, кој наводно починал на 20 јуни 1938 година, да се јави во рок од 20 дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", „Службен весник на СРМ", огласната табла во с. Лавци и огласната табла во овој суд.

Истовремено судот го повикува секој друг кој нешто знае за неговиот живот да јави на овој суд.

По истекот на наведениот рок, судот ќе донесе одлука по предлогот за докажување на смртта.

Од Општинскиот суд во Битола, ВПП бр. 323/89.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор по тужбата на тужителот Апостоловски Игнатов Трпко од с. Рогачево, против тужените Апостоловски Јовчев Никола, Стојанка Јовановиќ род. Апостоловска — Павловска, Десанка Стефановска, род. Апостоловска и Славјанка Матовска, род. Апостоловска, сите од с. Рогачево, а сега со непозната адреса во Детроит — Канада.

Се повикуваат тужените да се јават во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да достават своја адреса или постават полномошник. Доколку во свој рок тоа не го сторат, судот ќе им постави привремен старател кој ќе ги штити правата и интересите во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово. П. бр. 1301/89.

---

Пред овој суд се води спор за утврдување на сопственост и предавање во владение по тужбата на тужителите Матовски Александар и Матовска Славка, и двајцата од с. Беловиште, против тужениот Матовски Симо од с. Беловиште, сега со непозната адреса. Вредност на спорот 10.000.000 динари.

Се повикува тужениот Матовски Симо од с. Беловиште, сега со непозната адреса, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса или, пак, да постави свој полномошник. Доколку во овој рок тоа не го стори, судот ќе му постави привремен старател, кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1160/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Шерифи Агим од Тетово, против тужената Шерифи род. Гатаревиќ Вида од Тетово, сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужената Шерифи род. Гатаревиќ Вида од Тетово, да се јави во рок од 15 дена пред овој суд, да ја достави нејзината адреса или, пак, постави свој полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот на истата ќе ѝ постави привремен старател кој ќе се грижи за нејзините права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1400/89.

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 787 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2255-0-0-0, ги запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста и промената на лицето овластено за застапување на Земјоделско-сточарската задруга „Младост", О. Сол. О., с. Грчец, Скопје, со следните податоци: Се запишува проширувањето на дејноста со: 070211 — трговија на големо со жито и мелнички производи.

Се брише досегашниот застапник Мемети Ким, директор, а се запишува новиот застапник Абдула Абдула, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 787/89. (255)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 516 од 16. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1508-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување со Ц. О., Крива Паланка, ул. „Маршал Тито" бр. 135, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Киро Јовевски, секретар, а се запишува новиот застапник Благој Младеновски, в. д. секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 516/89. (218)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 522 од 12. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1361-22-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Ц. О., Скопје, Основна заедница Крива Паланка, ул. „Маршал Тито“ бр. 135, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Киро Јовевски, секретар, а се запишува новиот застапник Благој Младеновски, в. д. секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 522/89. (221)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 500 од 22. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1663-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата, дејноста и лицето овластено за застапување со следните податоци: Се запишува промената на фирмата на Монтажно-инсталатерската градежна задруга „Југоградба“, со Р. О., Скопје, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 36 и во иднина ќе гласи: Услужно-прометна задруга „Емона-промет“, Р. О., Скопје, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 36. Се запишува проширувањето на дејноста со:

070111 — трговија на мало со леб, печива, млеко и млечни преработки;

070112 — трговија на мало со овошје, зеленчук и преработки;

070113 — трговија на мало со месо, живина, риби и месни преработки;

070114 — трговија на мало со животни намирници, алкохолни пијалаци и производи за куќни потреби.

Се брише досегашниот застапник Кузмановски Иван, директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Андреевски Богдан, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 500/89. (242)

---

## СОДРЖИНА

Страна


668. Закон за цивилните инвалиди од војната (Пречистен текст) — — — — — — 665
679. Одлука за доделување на наградата „11 Октомври“ во 1989 година за долгогодишни особено значајни остварувања во науката, културата, уметноста и стопанството од интерес за Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 667
670. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — 667
671. Одлука за утврдување на стапките по кои обврзниците ја плаќаат обврската спрема Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година во 1989 година — — — — — — 668
672. Одлука за изменување на Одлуката за трошоците на вештачењата што ги врши Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот — — — — — 668
673. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година — — 669
674. Одлука за користење на средствата на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од елементарни непогоди — — — — — — — 669
675. Одлука за образување Координационо тело за организирано, усогласено и координирано остварување на мерките и активностите во областа на популационата политика — — — — — — — — — 669
676. Решение за именување претседател и членови на Координационото тело за организирано, усогласено и координирано остварување на мерките и активностите во областа на популационата политика — — 669
677. Решение за разрешување од должноста на директор на Архивот на Македонија — 670
678. Решение за именување директор на Архивот на Македонија — — — — — — 670
679. Решение за именување началник на Бирото за претставки и предлози во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — 670
680. Решение за именување заменик на директорот на Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка — — 670
681. Решение за разрешување од должноста републички советник во Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — — — 670
682. Решение за разрешување од должноста главен републички инспектор на труд — 671
683. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 122/89 од 6 септември 1989 година 671
684. Наредба за определување на месечниот износ на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната 671
685. Решение за исполнување на условите за вршење испитувања и прегледи по прописите за заштита при работа — — — 672

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

292. Општествен договор за остварување програми на РТС од поширок општествен интерес — — — — — — — — — 672

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

293. Одлука за определување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за употреба на јавните патишта што се плаќаат на моторни и приклучни возила — 673

ДЕМИР ХИСАР

294. Одлука за измена на Одлуката за стапките за здравствена заштита на осигуреници — работници за 1989 година — — — 674

ТЕТОВО

295. Одлука за престанок на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Тетово — — — — — — 674

ШТИП

296. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Штип за 1989 година — — — — — 675


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје. ул. „Васил Ѓорѓов“ бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**